*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Уп1Бр. 18/24-282*
*5.05.2025*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50, став 8 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23), градоначалникот на Општина Штип донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За формирање на стручна комисија за постапување по спроведена Јавна анкета и јавна презентација за**

Детален Урбанистички План за Урбана Четврт СЗ 10.01, со намена А, Б и В од ГУП на Град Штип, Општина Штип /плански опфат: осовина на Новопроектирана улица "6", осовина на новопроектирана собирна улица "Димитар Влахов", осовина на река "Брегалница" и осовина на новопроектирана градска магистрала "1"/

Член 1

Се формира стручна Комисија за Детален Урбанистички План за Урбана Четврт СЗ 10.01, со намена А, Б и В од ГУП на Град Штип, Општина Штип /плански опфат: осовина на Новопроектирана улица "6", осовина на новопроектирана собирна улица "Димитар Влахов", осовина на река "Брегалница" и осовина на новопроектирана градска магистрала "1"/, во следниот состав:

1. Лидија Глигорова Јанкова, диа-претседател на Комисија за урбанизам
2. Александар Василев, диа-претставник на изработувачот на планот Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, инженеринг и дизајн СТУДИО АТРИУМ - ДОО Штип бр. на Овластување 0 0500
3. Викторија Атанасова, диа-стручен работник од областа на урбанистичко планирање, бр на Овластување 0 0472

Член 2

Комисијата има задача да изготви Извештај од спроведената јавна презентација и јавната анкета

Член 3

Извештајот од јавната анкета и јавната презентација треба да содржи образложение за прифатените и неприфатените забелешки за горенаведениот ДУП

Член 4

Врз основа на Извештајот комисијата е должна најдоцна во рок од 15 дена, пред доставување на предлог планот за согласност, да го извести писмено секое физичко или правно лице кое поднело анкетен лист со образложение за прифаќање на нивните забелешки

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување.

**ОПШТИНА ШТИП**
Градоначалник
Иван Јорданов